Бр: 03-99/4
Скопје: 08.06.22

Врз основа на член 28 став (4) од Законот за заштита на конкуренцијата („Службен весник на Република Македонија„ бр. 145/10, 136/11, 41/14, 53/16 и 83/18) и член 5 став (1) од Законот за контрола на државната помош („Службен весник на Република Македонија„ бр. 145/10), а врз основа на Барањето на мислење добиено од Дирекцијата за технолошки индустриски развојни зони бр. 13-745/1 од 04.05.2022 година (Наш број 03-99/1 од 05.05.2022 година), Комисијата за заштита на конкуренцијата на седницата одржана на 08.06.2022 година го донесе следното

# МИСЛЕЊЕ

Најавата за планиран трет инвестициски проект на Друштвото за производство за електрична и електронска опрема за моторни возила ОДВ- Електрик ДООЕЛ с. Мислешево Струга со кој се предвидува инвестирање во материјални и нематеријални средства поврзани со проширување на капацитетите за производство на фабриката во ТИРЗ Струга е во согласност со Законот за контрола на државната помош и Уредбата за условите и постапката за доделување на регионална помош („Службен весник на РМ" бр. 109/13), под услов вкупниот интензитет на регионалната помош која Друштвото за производство, трговија и услуги ОДВ- Електрик ДООЕЛ с. Мислешево Струга би ја добила од државата како индивидуална помош и /или преку шема на помош да не надминува 50% од оправданите инвестициски трошоци, со тоа што корисникот на помошта задолжително мора да учествува со најмалку 25% во финансирањето на проектот, согласно член 5 став 4 од Уредбата за утврдување на условите и постапката за доделување на регионална помош, а инвестицијата да се одржува најмалку 5 години по целосната реализација, согласно член 6 став 1 од истата Уредба.

Во Барањето на Мислење бр. 13-745/1 од 04.05.2022 година наведено е дека за потребите на инвестицискиот проект, компанијата до крајот на 2027 година планира да реализира инвестиција во висина од 10.000.000 евра. За потребите на проширувањето на производствениот капацитет, Друштвото за производство за електрична и електронска опрема за моторни возила ОДВ- Електрик ДООЕЛ с. Мислешево Струга планира да креира 100 нови работни места. Во Барањето на мислење исто така е наведено дека во пакетот на мерки за планирано доделување на

регионална помош, дел од мерките ќе се доделуваат во согласност со Законот за ТИРЗ а дел како индивидуална помош во согласност со Законот за контрола на државната помош.

Комисијата за заштита на конкуренцијата со Решение бр. 10-57 од 09.09.2015 година го одобри доделувањето на планирана државна помош за регионален развој на ОДВ- Електрик ДООЕЛ с. Мислешево Струга со седиште ТИРЗ, Струга во износ од 5.000.000 евра. Оваа помош Комисијата за заштита на конкуренцијата ја квалификуваше како доделување на државна помош преку шема на помош предвидена во Законот за технолошки индустриски развојни зони („Службен весник на РМ " бр. 14/07, 103/08, 130/08, 139/09, 156/10 и 127/12) за чие доделување не е потребно дополнително одобрување од страна на Комисијата за заштита на конкуренцијата, со оглед на фактот дека со Одлука бр. 10-413/2 од 04.11.2008 година, Комисијата за заштита на конкуренцијата го одобрила Законот за технолошки индустриски развојни зони како шема на помош за доделување на државна помош на корисниците на технолошко индустриските развојни зони основани од Владата на Република Македонија како и доделување на регионална индивидуална помош согласно член 4 став (1) точка 11 од Законот за контрола на државната помош („Службен весник на Република Македонија„ бр. 145/10), при што одлучи дека доделувањето на истата е дозволено.

Исто така, Комисијата за заштита на конкуренцијата со Решение бр. 10-69 од 27.09.2018 год го одобри доделувањето на планирана државна помош за регионален развој на ОДВ- Електрик ДООЕЛ с. Мислешево Струга со седиште ТИРЗ, Струга во износ не помал од 4.200.000 евра. Оваа помош Комисијата за заштита на конкуренцијата ја квалификуваше како доделување на државна помош преку шема на помош предвидена во Законот за технолошки индустриски развојни зони („Службен весник на РМ" бр. 14/07, 103/08, 130/08, 139/09, 156/10 и 127/12) за чие доделување не е потребно дополнително одобрување од страна на Комисијата за заштита на конкуренцијата, со оглед на фактот дека со Одлука бр. 10-413/2 од 04.11.2008 година, Комисијата за заштита на конкуренцијата го одобрила Законот за технолошки индустриски развојни зони како шема на помош за доделување на државна помош на корисниците на технолошко индустриските развојни зони основани од Владата на Република Македонија како и доделување на регионална индивидуална помош согласно член 4 став (1) точка 11 од Законот за контрола на државната помош („Службен весник на Република Македонија„ бр. 145/10), при што одлучи дека доделувањето на истата е дозволено.

Во Барањето на мислење бр. 13-745/1 од 04.05.2022 година е наведено дека Друштвото за производство за електрична и електронска опрема за моторни возила ОДВ- Електрик ДООЕЛ с. Мислешево Струга до сега има реализирано два инвестициски проекта во ТИРЗ Струга во период од 2015-2018 и 2018-2021 година. Со оглед на ова, Комисијата за заштита на

конкуренцијата укажува да се внимава на членот 9 од Уредбата за условите и постапката за доделување на регионална помош за поимот на голем инвестициски проект.

Во врска со најавата за реализација на третиот инвестициски проект Друштвото за производство на електрична и електронска опрема за моторни возила ОДВ- Електрик ДООЕЛ с. Мислешево ТИРЗ Струга, до крајот на 2027 година планира да реализира инвестиција во висина од 10.000.000 евра, за проширување на производствениот капацитет и да креира 100 нови работни места, давателот на државната помош е должен да поднесе известување за планирано доделување на индивидуална државна помош, согласно член 13 од Законот за контрола на државната помош и Уредбата за начинот и постапката за поднесување на известување за доделување на државна помош, како и постапката за вршење надзор на постојаната државна помош („Службен весник на РМ“бр. 142/11), како и на Образец I од Уредбата за условите и постапката за доделување на регионална помош.

**КОМИСИЈА ЗА ЗАШТИТА НА КОНКУРЕНЦИЈАТА**
**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**Проф. Д-р Владимир Наумовски**